**ИЗВАДОК**
**ОД ПРОСПЕКТОТ ЗА ОТКУП НА ОБИЧНИ АКЦИИ ОД**
**СТАТЕР БАНКА АД Куманово**

1) *Број и датум на Решението за издавање дозвола за понуда за откуп на хартии од вредност, издадено од Комисијата за хартии од вредност;*

   - Број УП1 Бр. 07-43 од 15.03.2010 година

2) *Назив и седиштето на издавачот на хартиите од вредност на кои се однесува понудата за откуп;*

   - СТАТЕР БАНКА АД Куманово, Ул. Плоштад Нова Југославија бб КУМАНОВО

3) *Назив и седиштето на друштвото што ја дава понудата за откуп;*

   - ЦЕНТРАЛНА КООПЕРАТИВНА БАНКА АД, Ул. Г. С. Раковски бр.103, Софија, Бугарија

4) *Назив и седиштето на брокерската куќа што во име и за сметка на понудувачот ја дава понудата за откуп;*

   - ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје, Истарска бр.33, СКОПЈЕ

5) *Број, вид и род на хартии од вредност на кои се однесува понудата за откуп;*

   - 339178 обични акции

6) *Цена по која понудувачот се обврзува да ги откупи хартиите од вредност и начин на плаќање на хартиите од вредност;*

   - 1.070,00 денари по акција, при што плаќањето на паричните средства на сите иматели на обични акции кои ќе ја прифатат оваа понуда ќе го врши Централниот депозитар за хартии од вредност во готово, на сметка во деловна банка за која ќе го известат Централниот Депозитар за хартии од вредност со изјавата за прифаќање на понудата за откуп.
   - Понудувачот, пред објавување на понудата за откуп, ги депонираше потребните парични средства за откуп на сите акции кои се предмет на понудата на посебна сметка на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје.
   - Во согласност со Договорот за вршење услуги во постапката за превземање на акционерското друштво СТАТЕР БАНКА АД Куманово и Анекс бр.1 кон истиот склучени меѓу ЦЕНТРАЛНА КООПЕРАТИВНА БАНКА АД Софија и Централниот Депозитар за хартии од вредност АД Скопје , Депозитарот е должен веднаш, а не покасно од 1 (еден) ден по добивањето на Решението на Комисијата за хартии од вредност за успешност на понудата, да

изврши пренос на паричните средства на сметките на сопствениците кои ја прифатиле понудата за откуп.

7) *Рокот за прифаќање на понудата за откуп;*

   - Рокот за прифаќање на понудата за откуп изнесува 15 денови. Рокот за прифаќање на понудата за откуп почнува да тече од денот на првото објавување на извадокот од Проспектот и Понудата за откуп, односно од 17.03.2010 година и завршува на 31.03.2010 година.

8) *Понудата за откуп се прифаќа со писмена изјава за прифаќање на понудата од страна на имателите на хартиите од вредност во рокот предвиден за прифаќање на понудата. Изјавата ја потпишуваат имателите на хартиите од вредност кои ќе решат да ја прифатат оваа понуда. Писмената изјава за прифаќање на понудата, се испраќа на брокерската куќа од член4.*

9) *Примерок од Проспектот е доставен до сите овластени учесници на пазарот на долгорочни хартии од вредност со седиште во Република Македонија, каде сите заинтересирани лица ќе можат бесплатно да имаат увид во целосната содржина на проспектот.*

Списокот на овластените учесници може да се најде на веб сајтот на Македонска берза АД Скопје www: mse.com.mk и на тел. 02 3122055.
Брокерската куќа која ја дава оваа понуда во име на понудувачот и во која заинтересираните акционери можат да подигнат примерок од Понудата и Проспектот за откуп на акции е: ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје, ул. Истарска бр.33, тел.02 3 110 280.

**ЦЕНТРАЛНА КООПЕРАТИВНА БАНКА АД**

**Овластен претставник**
**Красимир Георгиев Жилов**